Бр./Nr 12-1211/8
01-09-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 91-та седница одржана на 31.08.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-4983/1 од 29.10.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

По предметните наводи постапиле надлежните органи од РСМ.

Предметот со број 12-4983 од 2019 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4983/1 од 29.10.2019 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Пријавата е сукцесивно надополнета на 31.10.2019 година. Изнесени се наводи за бесправно градење во Општина Чаир, на штета на подносителот. Се истакнува дека службените лице во Општина Чаир не презеле должни дејствија за да го спречат т.е. запрат незаконското градење. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се прилози – натписи во медиуми за конкретниот случај.

По увидот во содржината на пријавата и доставените прилози, ДКСК побара надлежно постапување, податоци, информации и документација од Општина Чаир. Службеното лице ///, не постапи по барањето на ДКСК, заради што ДКСК му издаде и достави прекршочен платен налог, за сторен прекршок на чл. 23 ст. 3 казнив по чл. 100 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. За предметниот случај, Општина Чаир не достави податоци, информации и документација до ДКСК и покрај испратените ургенции.

Во вакви околности, ДКСК побара дополнителни податоци, информации и документација од подносителот т.е. неговиот полномошник, адвокат ///. Полномошникот на подносителот ги достави побараните податоци, информации и документација.

Од увидот во доставените податоци, информации и документација од полномошникот на подносителот, произлезе дека градителот на бесправниот објект, бил правосилно осуден на единствена казна затвор во траење од /// години, за сторени две

кривични дела – бесправно градење и неизвршување на судска одлука. Предметната недвижност – бесправно изградениот објект судот го одзел како предмет на делото.

Агенцијата за управување со одземен имот на РСМ, донела Решение за пренос на право на сопственост во корист на РСМ бр. /// од /// година, со кое се наложило на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ да ја запише сопственоста на бесправно изградениот објект во корист на РСМ.

Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ ја известила Агенцијата за управување со одземен имот на РСМ дека ваков упис на сопственоста не е можен од причина што предметната дивоградба немала имотен лист. Следствено, претходно цитираното Решение на Агенцијата за управување со одземен имот на РСМ само е евидентирано во ИЛ бр. /// КО Чаир, без да биде прикажан товар, дека на предметната КП /// е изградена дивоградба во сопственост на РСМ.

На вака утврдените состојби ДКСК наоѓа дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Г. Т.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**